## Методологија на „Индекс на политички интегритет“

Индексот на политички интегритет (ИПИ) е нов инструмент прилагоден на политичкиот контекст во Северна Македонија, создаден да ги оценува етичките стандарди на политичките актери и институции и да ја подигнува јавната свест за очекуваните норми на политичко однесување. Тој ги мери реакциите на јавноста во десет клучни категории:

1. **Владеење на правото**– преку евидентирање јавно достапни информации што укажуваат на кривични постапки, обвиненија или пресуди поврзани со злоупотреба на службена должност, проневера, незаконски донации, незаконско стекнување имот, измама и злоупотреба на ресурси;

2. **Корупција** – преку евидентирање информации што укажуваат на злоупотреба на доверена моќ за приватна корист или незаконско стекнување имот;

3. **Влијание на елитите** – преку евидентирање индикации за контрола на јавни ресурси од страна на моќни поединци или групи, како и судир на јавни и приватни интереси преку паралелни активности;

4. **Етичка култура** – преку оценување на етичките стандарди на политичко однесување, како што се постапување спротивно на јавно искажани ставови, несоодветно однесување во приватната сфера, јавни изјави со извинување или корекција, поттикнување омраза, клевета, родова дискриминација или вербална злоупотреба;

5. **Клиентелизам, непотизам и кронизам**– преку индикации за нерегуларни вработувања, именувања, добивање јавни набавки или материјални придобивки, најчесто во корист на роднини, пријатели или политички сојузници без процедури засновани на заслуги;

6. **Транспарентност и отчетност** – преку оценување дали институциите и политичките субјекти обезбедуваат транспарентност, навремени и суштински информации, како и преземање одговорност преку изјави и постапки;

7. **Демократско однесување и култура на компромис** –преку проценка колку се почитуваат демократските процедури, принципите на еднаквост и недискриминација, уставните надлежности и соработката со опозицијата и институциите;

8. **Политичка комуникација** – преку анализа на реториката, дезинформации, манипулација со информации, популизам и јазик што придонесува за поларизација или делегитимирање на институциите и општествените актери;

9. **Заштита на јавниот интерес** – преку оценување на постапки што го ставаат јавниот интерес пред личните, партиските или други интереси;

10. **Однесување во изборна кампања**– преку анализа на употреба на негативни и „црни" кампањи, поттикнување поларизирачки јазик и активности насочени кон дискредитација на противници.

## I. Систем на оценување

ИПИ користи две паралелни скали– за негативно и за позитивно однесување. Секој индикатор се оценува од 0 до 10 според јавно достапни информации.

| **Негативна скала** | | |
|---|---|---|
| Опсег | Категорија | Краток опис |
| 0 до –3 | „Сенка" | Индиректни индиции, без јавни изјави; субјективни или непотврдени знаци, гласини, минимално јавни реакции |
| –4 до –6 | „Дамка" | Јавни индикации, документирани несоодветни однесувања, етички сомнежи |
| –7 до –9 | „Скандал" | Потврдени скандали, институционални реакции, јавен притисок и медиумски фокус |

| | | |
|---|---|---|
| –10 | „Црн печат“ | Длабока ерозија на довербата; целосна изложеност, сериозни последици, морална оставка, нарушување на јавниот интерес |

| **Позитивна скала** | | |
|---|---|---|
| Опсег | Категорија | Краток опис |
| 0 до 3 | „Тивка конзистентност“ | Суптилни, но постојани знаци на етичко однесување |
| 4 до 6 | „Стабилност (цврсто газење по земја)“ | Јавно застапување на етички позиции, транспарентност, соработка со граѓански сектор |
| 7 до 9 | „Градители на норми“ | Потврдена етичка практика; промовирање стандарди, признати од надзорни тела и медиуми |
| 10 | „Морален компас“ | Политички интегритет; системска доверба, признаена референтна точка во националниот и меѓународниот дискурс за политички интегритет |

Процесот на бодување се одвива во две меѓусебно поврзани фази:

**Собирање податоци:** систематско прибирање јавно достапни информации од медиумски извештаи, при што анализите на невладини организации и официјалните записи се земаат предвид доколку се достапни преку јавни извори.

**Валидација:** вкрстена проверка на податоците преку повеќе независни извори со цел да се намали пристрасноста и да се зајакне веродостојноста на бодувањето.

Во почетната фаза од примената на индексот, ИПИ ја насочува својата анализа кон следниве категории јавни функционери и политички структури: Претседателот на државата, Владата (министер(к)и, заменик-министри, државни секретари, директори на јавни претпријатија – избрани и именувани лица), пратеници, градоначалници, правосудни органи, регулаторни тела, како и раководствата и структурите на политичките партии од власт и опозиција.

**Вреднување според контекст**

ИПИ доделува тежина на секоја димензија во зависност од контекстот. При оценувањето се земаат предвид:

- дали е изборен период,
- времетраењето на мандатот (дали постоеле услови за имплементација),
- дали актерот е на власт или во опозиција,
- степенот на партиско влијание врз актерот. (колку е силно влијанието на партиското раководство врз актерот? (степен на автономија во одлучувањето)

## II. Едукативна функција на Индексот на политички интегритет

Методологијата на ИПИ има силна едукативна компонента. Преку комуникациската кампања, индексот им помага на граѓаните подобро да ги разберат обврските и одговорностите што ги имаат јавните функционери. ИПИ не служи само за да укаже на неетичко однесување, туку и за да го истакне и поттикне примерното, одговорно и транспарентно работење.

Покрај тоа, индексот ја поттикнува јавната дебата со тоа што обезбедува јасни информации, создава основа за аргументирани дискусии и го охрабрува воведувањето подобри практики во институциите и политичките партии.

Долгорочно, ИПИ има за цел да стане редовна алатка која ќе ја користат граѓаните, медиумите и политичките партии за надзор, анализа и унапредување на политичката култура и интегритетот во државата.

## III. Методологија отворена за надградба

ИПИ не е механизам на осуда и не претставува казнена алатка; неговата улога е да поттикне култура на отчетност во која интегритетот е видлив, мерлив и очекуван. Методологијата останува отворена за континуирана надградба, во согласност со јавните реакции, експертските консултации и промените во политичкиот контекст.

**Последно ажурирање на методологијата: 12.12.2025**